РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-509/1
28-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-3127/1 од 01.12.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во работата на Комисијата ------------------------------- при ------------------------------ на Република Северна Македонија, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, од причина што пријавените дејствија се однесуваат на прашања за кои друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-3127/1 од 01.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 01.12.2025 година, до ДКСК доставена е пријава, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во работата на Комисијата -------------------------------- при Фондот ----------------------------- на Република Северна Македонија, во времето кога член на истата бил лицето ---------- ----------, кој истовремено ја извршувал и функцијата директор на Секторот за -----------------------------------------------------------.

Во пријавата се наведува дека наведеното лице при учество во работата на Комисијата, фаворизирал одредени предмети од кои имал лична корист, како и дека некои предмети

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

биле намерно одложувани за постапување заради обезбедување корист од страна на подносителите на предметите или лична корист.

Во Законот за здравствено осигурување[1], член 30 се дефинирани одредбите за лекувањето во странство, а во член 31 од истиот се дефинирани одредбите кои се однесуваат на постапката за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување.

Во член 31 од истиот Закон, меѓу другото е наведено и дека:

*„Во постапките за остварување на правото од членот 30 ставовите 1 и 2 од овој закон, во прв степен одлучува директорот на Фондот, врз основа на мислењето на првостепената лекарска комисија за лекување во странство, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.*
*Првостепената лекарска комисија за лекување во странство ја формира директорот на Фондот и ја сочинуваат седум членови и нивни заменици од редот на докторите на медицина од различни специјалности/супспецијалности.*
*Директор на здравствена установа не може да биде член или заменик-член на првостепената лекарска комисија за лекување во странство.*

[1] „ ("Службен весник на РМ" број 25/00), Исправка на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 34/00), Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 96/00), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ број 50/01), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 11/02), Законот за дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 31/03), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 84/05), Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 37/06), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 18/07), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 36/07), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 82/08), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 98/08), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 6/09), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 67/09), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 50/10), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 156/10), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 53/11) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" број 26/12); Закон за доброволно здравствено осигурување ( "Службен весник на РМ"бр.145/12), Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр. 16/13), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување (Службен весник на РМ" бр.91/13), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ"бр.187/13), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.43/14), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.44/14), Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.97/14), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.112/14), Закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.113/14), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.188/14), Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.20/15, Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ"бр.61/15), Закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.61/15), Закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.98/15), Закон за изменување на законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр. 129/15, Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.150/15), Закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.154/15), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.192/15), Закон за изменување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.217/15), Закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.27/16), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.37/16), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување (Службен весник на РМ" бр.120/16), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.142/16), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.171/17), Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ" бр.275/19), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РСМ"бр.77/21), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РСМ"бр.285/21), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РСМ"бр.60/23), Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РСМ"бр.154/23) Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РСМ"бр.209/23), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РСМ"бр.144/25) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РСМ"бр.154/25),

*Директор на здравствена установа не може да биде член или заменик-член на првостепената лекарска комисија за лекување во странство.*

*Начинот на работа и висината на надоместокот за работа на првостепената и второстепената лекарска комисија за лекување во странство, ги утврдува Управниот одбор на Фондот со општ акт на кој министерот за здравство дава согласност.“*

По разгледување на содржината на пријавата и законската регулатива која се однесува на предметната област, ДКСК констатира дека пријавените дејствија се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува - Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ., Член на ДКСК